СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЦРТ-ЗАКОН ЗА АКАДЕМИЈА ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ

**-кратка информација-**

*Скопје, февруари 2021*

Предмет на кратката информација е содржината на Нацрт-законот за Академијата за јавни финансии[1].

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

**Нацрт-законот е предвиден со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година**[2]. Ваков нацрт-закон прв пат се изработува во Северна Македонија и се формира нова организациона единица во рамките на Министерството за финансии.

Нацрт-законот е објавен на ЕНЕР на 15.2.2021 година и сѐ уште е со отворен статус односно може да се поднесат коментари од засегнати страни.

Со овој нацрт-закон се уредува основањето и работењето на Академијата за јавни финансии како организациона единица во состав на Министерството за финансии, за спроведување обуки од областа на јавните финансии и обуки и испити во рамки на програмите за издавање уверенија/лиценци за овластени службеници и професии од областа на јавните финансии.

**Нацрт-законот е составен од 15 члена распоредени во 6 глави:** општи одредби; организација, раководење и надлежности на Академијата; предавачи на Академијата; финансирање и средства за работа на Академијата; Комитет за унапредување на квалитетот во работењето на Академијата; и преодни и завршни одредби.

Со Академијата се предвидува да раководи раководител кој директно одговара пред министерот за финансии. Вработените во Академијата имаат статус на административни службеници.

Предавачи на Академијата се предвидува да бидат истакнати теоретичари и практичари од областа на предметната обука, вработени во јавниот сектор и во високообразовните и во научно истражувачките институции, приватниот сектор, како и меѓународни експерти, избрани по исполнување на услови пропишани од министерот за финансии. За обуките може да им биде исплатен и надомест во висина и на начин утврдени од министерот за финансии.

---

[1] Нацрт-Законот е достапен на веб страницата на ЕНЕР, пристапено на ден 23.2.2021 на следниов линк https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=62559

[2] Програмата е достапна на следниот линк: https://vlada.mk/strateshki-prioriteti , пристапено на 25.2.2021

Средствата за работа на Академијата е предвидено да се обезбедуваат од: Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетот на Министерството за финансии, надоместокот што ќе се наплаќа за учество на обуките, донации, грантови и други проекти.

Како стручно тело на Академијата се предвидува министерот за финансии да формира Комитет за унапредување на квалитетот во работењето со Академијата составен од 7 членови со мандат од 4 години и право на уште еден избор. Тројца од членовите се предвидува да се од редовите на раководните државни службеници од Министерството за финансии, а останатите се од редот на истакнати економисти од научната и истражувачката економска област и практичари од јавните финансии и нивниот избор се врши по пат на јавен повик кој го спроведува Министерството за финансии. Членовите на Комитетот имаат право на надоместок за извршената работа кој изнесува пет илјади денари месечно.

**Слични практики во регионот:** во Република Бугарија во рамките на Министерството за финансии како организациона единица се формира Школо за јавни финансии кои има слична улога и организациона поставеност како и Академијата[3].

Изработила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов

[3] Официјална интернетска страница на Министерството за финансии на Република Бугарија, https://www.minfin.bg/en/12 , пристапено на 25.2.2021


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384